**Број 01-501/1**
**17.02.2021 година**

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

2021

Крива Паланка

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-543/1 од 23.02.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1205/1 од 08.06.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-937/1 од 26.03.2018 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1202/1 од 20.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2000/1 од 04.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-3464/1 од 06.11.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2180/1 од 08.07.2019 година година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-208/1 од 20.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2650/1 од 17.09.2020 година.

**Член 2**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место се реден број 4 „ Советник за правни работи и застапување " се брише.

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место се реден број 6 „Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет" се брише.

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место се реден број 6-а „Помлад Соработник за меѓуетнички односи" се брише.

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, по работното место со реден број 6-а, „Помлад Соработник за меѓуетнички односи" се додава ново работното место со реден број „6-б", назив на работно место „Помлад соработник за нормативни работи" кое гласи:

| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.**<br>**1.1 Одделение за правни и општи работи** | |
|---|---|
| Реден Број | 6-б |
| Шифра | УПР 01 01 В04 000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад Соработник |
| Назив на работно место | **Помлад соработник за нормативни работи** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Правни науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Вршење поедноставни работи и задачи што се состојат од прибирање на податоци за изготвувањето на прописите и актите на општината, со упатства, под надзор и контрола од раководителот на одделението |
| Работни задачи и обврски | - постојано ја следи законската регулатива од областа на надлежност на единиците на локалната самоуправа и дава соодветни известувања до Раководителот;<br>- врши работи врз основа на конкретни упатства и насоки со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението, а кои се однесуваат на подготвителни работи во врска со изготвувањето на прописите и актите од надлежност на Градоначалникот и Советот на општината;<br>- собира податоци, материјали и информации за подготовка на информатичко аналитички материјали;<br>- учествува и помага во подготвувањето на нормативно-правни, студиско-аналитички и управно-надзорни акти и други документи;<br>-учествува и помага во подготовка на предлог Статут на општината, деловникот за работа на Советот на општината и други прописи и акти кои ги донесува и од делокруг на работа на Советот на општината;<br>- помага и учествува во подготвување на документи кои се подготвуваат и извршуваат од одделението;<br>- собира податоци, учествува и помага во собирањето, анализирањето и давањето мислења за прашања кои се од значење за примената на прописите од надлежност на единиците за локална самоуправа. |

**Член 6**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место со реден број 8, „Самостоен референт за архивско и канцелариско работење и упатување на граѓани/странки" во делот Број на извршители, бројот „1" се менува со бројот „2".

**Член 7**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место со реден број „11", „Возач II" во делот Број на извршители, бројот „3" се менува со бројот „2".

**Член 8**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања, по работното место со реден број 23-а, „Самостоен референт за присилна наплата " се додава ново работното место со реден број „23-б", назив на работно место „ Самостоен референт за планирање и извршување на буџетот" кое гласи:

| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.**<br>**1.2 . Одделение за финансиски прашања** | |
|---|---|
| Реден број | 23-б |
| Шифра | УПР 01 01 Г01 000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | **Самостоен референт за планирање и извршување на буџетот** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Вишо или средно економско образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Извршување сложени административни работни задачи што се однесуваат на водење, на изготвување и реализација на буџетот на општината под упатства, надзор и контрола на раководителот на одделението. |
| Работни задачи и обврски | - следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење и континуирано следење и примена на прописите од областа на финансиското и материјалното работење;<br>- учествува во планирање, изготвување и реализација на буџетот на општината;<br>- учествува во изготвување на измените на буџетот и ребаланс;<br>- учествува во изготвување на завршната сметка на буџетот и буџетските корисници;<br>- учествува во изготвување на финансиски планови и извештаи и во изготвување на годишна сметка и матријално-финансиско работење;<br>- врши прием на изводи од трезорска сметка;<br>- води евиденција за извршување на буџетот по позиции;<br>- го прати остварувањето на приходите во буџетот; |

**Член 9**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, по работното место со реден број 24, „Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија" се додава ново работното место со реден број „24-а", назив на работно место „ Советник за рурален развој и регионална соработка " кое гласи:

| 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | |
|---|---|
| Реден број | 24-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | **Советник за рурален развој и регионална соработка** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Добиточно производство (Сточарство) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Самостојно извршување најсложени работи и задачи во одделението поврзани со студиско-аналитички, инвестиционо-тековни и стручно-оперативни работи од доменот на руралниот развој и регионалната соработка |
| Работни задачи и обврски | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, земјоделието и локалниот економски развој во поглед на руралниот развој и регионалната соработка;<br>- организирање, кооридниране и насочување на работите за планирање на руралниот развој и регионалната соработка;<br>- утврдување на приоритети и водење на локални рурални политики;<br>- изготвување на развојни проекти и учествување во нивна реализација;<br>- организирање и координирање активности за имплементација на стратегијата за рурален развој;<br>- процесирање на општи акти и информативни аналитички материјали;<br>- организирање и координирање соработка со бизнис секторот, НВО и други субјекти од локалното партнерство значајни за руралниот развој и воспоставување на мрежа меѓу нив;<br>- контактира со донори и фондации во реализацијата на проекти во руралниот развој,<br>- врши потикнување на развој на претприемништвото и развојот на локално ниво,<br>- води евиденција на состојбите за постигнатите резултати. |

**Член 10**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, работното место со реден број „27“ назив на работно место „Соработник Администратор за информатички развој и компјутерска технологија“ се брише.

**Член 11**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, по работното место со реден број „26-а“, „Виш Соработник - Систем инженер“ се додава ново работното место со реден број „26-б“, назив на работно место „ Виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер “ кое гласи:

| 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | |
|---|---|
| Реден број | 26-б |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В2 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | **Виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Јавна управа и администрација, |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Извршување на сложени работи и задачи поврзани со спроведување работи што се однесуваат на координирање на активностите за исполнување на барањата од стандардите и инструментите за управување со квалитет, издавање на информации од јавен карактер, координација на еднаквите можности на жените и мажите. |
| Работни задачи и обврски | - ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на управување со квалитет, издавање на информации од јавен карактер, координација на еднаквите можности на жените и мажите;<br>- го промовира управувањето со квалитет во Општина Крива Паланка и презема активности со цел воспоставување и воведување на активностите и процесите дефинирани во стандардите и инструментите за управувањето со квалитет согласно на Законот за воведување на систем за управување со квалитет;<br>- врши координација и обезбедување на сите потребни влезни документи и податоци за редовно преиспитување на стандардите и инструментите за управување со квалитет од страна на менаџмент тимот –раководителите на секторите и одделенијата во општината;<br>- истражува и изготвува предлог процедури за подобрување на квалитетот на услугите на граѓаните и учествува во вршењето на интерна проверка и следење на процедури и документација во согласност со барањата на воведените стандарди во работата;<br>- врши задачи за посредување со надворешни страни како што се клиентите и ревизорите за работи врзани со стандардите и инструментите за управување со квалитет;<br>- учествува во координирање на активностите на едношалтерскиот пристап во работењето – системот на предна и задна канцеларија (општинскиот центар на услуги);<br>- помага во координација на испорака на услуги и информации од соодветните сектори и одделенија и испорака на информации од јавен карактер за општината согласно законот;<br>- помага и учествува во координација во делот на еднаквите можности на жените и мажите во општината, согласно законот за еднакви можности на мажите и жените;<br>- Учествува и ги врши работите во комисиите во кои е назначен, именуван и одговара за својата работа во рамките на своите овластувања. |

**Член 12**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, по работното место со реден број „30-в", „Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти од областа на јавните дејности и локалниот економски развој" се додава ново работното место со реден број „30-г", назив на работно место „ Самостоен референт за спорт" кое гласи:

| | |
|---|---|
| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија** | |
| Реден број | 30-г |
| Шифра | УПР 01 01 Г01 000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | **Самостоен референт за спорт** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Вишо или средно стручно образование (физичко образование) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Подршка и помагање во извршување на работите преку вршење на сложени административни работи во спроведување на надлежностите на општината во областа на спортот. |
| Работни задачи и обврски | - ги следи законските прописи и другите акти од областа на спортот;<br>- Собира податоци, информации и материјали кои се потребни за изготвување на програми и извештаи по програмите од областа на спортот;<br>- учествува во организација на настани, манифестации и други активности од областа на спорт;<br>- собира податоци преку основните и средното училиште и други владини, локални и невладини институции и организации за потребите на развој на спортот и соработува со државни органи и инстиуции од област на спортот;<br>- врши увид за начинот на користење, и дава предлози за потребите за преземање на активности на постојните спортски објекти на територијата на општината (училишни спортски сали, повекенаменско игралиште, повекенаменска спортска сала, фудбалско игралиште, повекенаменски спортски игралишта, справи за вежбање поставени како урбана опрема на отворено и други објекти и опрема);<br>- собира податоци за талентирани спортисти и соодветно ги презентира;<br>- со различни активности го промовира, потикнува и унапредува спортот во општината. |

**Член 13**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, во потточка 2.1 Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, работното место со реден број „40" назив на работно место „Помлад Соработник за Заштита на животната средина" се брише.

**Член 14**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, во потточка 2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура, работното место со реден број „45" назив на работно место „ Виш Соработник за енергетска ефикасност и улично осветлување " се брише.

**Член 15**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, во потточка 2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура, по работното место со реден број „51" назив на работно место „ Самостоен референт – Геометар "се додава ново работното место со реден број „51-а", назив на работно место „ Референт за комунални работи и јавно осветлување " кое гласи:

| **2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура**<br>**2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура** | |
|---|---|
| Реден број | 51-а |
| Шифра | УПР 01 01 Г03 000 |
| Ниво | Г3 |
| Звање | Референт |
| Назив на работно место | **Референт за комунални работи и јавно осветлување** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Вишо или средно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Вршење на работи од обласа на јавно-комунална дејност, контрола на локалните патишта и улици, водоводи, канализации и други инфраструктурни објекти и јавно осветлување во општина со упатство и под надзор од раководителот на одделението. |
| Работни задачи и обврски | - ги следи и применува законите и други акти од областа која ја покрива;<br>- го следи извршувањето на градежните работи при реализација на општински проекти од страна на избраните економски оператори или од општинските јавни претпријатија за изведување на активности за локални патишта, улици, водоводи, канализации и други инфраструктурни објекти, раскопување на јавни површини, поставување на рекламни материјали, користење на јавен простор и други комунални дејности;<br>- врши увид на терен и води евиденција на извршените работи;<br>- учествува и собира податоци за планирање на уредувањето и организирањето на јавното осветлување,<br>- организира илуминацијата на објекти и празнично украсување на градот со светлечки украси,<br>- постапува по барања за обезбедување времени електрични приклучоци по повод јавни манифестации и други потреби; |

**Член 16**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 4. Одделение за човечки ресурси, по работното место со реден број „59“ назив на работно место „Виш соработник за управување и координација со човечки ресурси“ се додава ново работното место со реден број „59-а“, назив на работно место „Помлад соработник за административни работи“ кое гласи:

| 4. Одделение за човечки ресурси | |
|---|---|
| Реден број | 59-а |
| Шифра | УПР 01 01 В04 000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад соработник |
| Назив на работно место | **Помлад соработник за административни работи** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Организациони науки и управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Извршување поедноставни работи и работни задачи во одделението, во врска со управување со човечките ресурси, со упатство и под надзор и контрола од раководителот на одделението |
| Работни задачи и обврски | - Континуирано ги следи законските и подзаконските акти од областа на работа на одделението за човечки ресурси;<br>- Собира податоци за подготовка на табелата и планот за годишни одмори и ги подготвува решенијата за користење на годишни одмори на вработените;<br>- Внесува податоци во евиденцијата за искористеност на денови од годишни одмори, собира и евидентира податоци за отсуства на вработените од секторите и одделенијата во општината;<br>- Собира податоци за изготвување на годишен план за обуки на административни службеници и за доставување на извештаи за реализација на годишен план за обуки;<br>- Помага при подготовка и спроведување на постапките за оценување на ефектот на административните службеници;<br>- Изготвува потврди од надлежност на работата на одделението по барање на вработените;<br>- Помага во подготовка на актите и спроведување на постапките поврзани со пополнување на работни места во јавниот сектор;<br>- Врши пријавување на вработените заради социјално и здравствено осигурување и нивно одјавување;<br>- Собира, подготвува и обработува податоци во врска со човечките ресурси како основа за изработка на анализи и информации;<br>- Непосредно контактира, собира податоци и учествува во изготвување на акти за прашања поврзани со меѓуетничките односи; |

**Член 17**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 5. Одделение за внатрешна ревизија, работното место со реден број „62“ назив на работно место „ Помлад соработник Внатрешен ревизор на обука “ се брише.

**Член 18**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 6. Територијална противпожарна единица, во работното место со реден број „65" назив на работно место „Пожарникар спасител- возач на специјално возило", во делот Број на извршители, бројот „8" се менува со бројот „7".

**Член 19**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 6. Територијална противпожарна единица, во работното место со реден број „66" назив на работно место „Пожарникар спасител ", во делот Број на извршители, бројот „4" се менува со бројот „5".

**Член 20**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Крива Паланка, како составен дел на Правилникот.

**Член 21**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.01-501/1
17.02.2021 година
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Борјанчо Мицевски

# ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| Реден Број | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | УПР | 01 | 01 | А04 | 000 | Секретар на Општина Крива Паланка | 1 |
| | | | | | | **1.СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ, ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | |
| 1-а | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за нормативни и правни прашања | 1 |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој | 1 |
| | | | | | | **1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ** | |
| 3. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за правни и општи работи | 1 |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за јавни набавки и работи за седници на совет | 1 |
| 6. | | | | | | | |
| 6-а | | | | | | | |
| 6-б | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за нормативни работи | 1 |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за архивско и канцелариско работење и упатување на граѓани / странки | 2 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за организација на седници на Советот на Општина Крива Паланка и соработка со ЗЕЛС, СИПР и други субјекти | 1 |
| 10. | УПР | 04 | 03 | А01 | 001 | Шеф на возен парк | 1 |
| 11. | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач II | 2 |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | УПР | 04 | 05 | А03 | 004 | Хигиеничар | 2 |
| 14. | УПР | 04 | 05 | А02 | 004 | Координатор на достава – курир | 2 |
| 15. | | | | | | | |
| | | | | | | **1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | |
| 16. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за финансиски прашања | 1 |
| 16-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | | | | | | | |
| 18. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник Одговорен сметководител | 1 |
| 19. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за Финансии, планирање и извршување на буџетот и овластен известител за неправилности и сомнежи за измама и корупција | 1 |
| 20. | УПР | 01 | 01 | ВО3 | 000 | Соработник за Утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок и имот на општина | 1 |
| 20-а | УПР | 01 | 01 | ВО3 | 000 | Соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина | 1 |
| 21. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Данок на промет на недвижности, наследство и подарок и ажурирање на имот на општина | 1 |
| 21-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за утврдување и наплата на такси и други надоместоци | 1 |
| 22. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за финансиско работење | 1 |
| 23. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за материјално работење | 1 |
| 23-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за присилна наплата | 1 |
| 23-б | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за планирање и извршување на буџетот | 1 |
| **1.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** | | | | | | | |
| 24. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | 1 |
| 24-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за рурален развој и регионална соработка | 1 |
| 25. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за Образование и спорт | 1 |
| 26. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за Локален Економски развој, земјоделие и регионална соработка | 1 |
| 26-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник – Систем инженер | 1 |
| 26-б | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер | 1 |
| 27. | | | | | | | |
| 28. | | | | | | | |
| 29. | УПР | 01 | 01 | ВО3 | 000 | Соработник за планирање и следење на локален економски развој | 1 |
| 30. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Здравствена, социјална и детска заштита | 1 |
| 30-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за управување со квалитет | 1 |
| 30- б | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30-в | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти од областа на јавните дејности и локалниот економски развој | 1 |
| 30-г | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за спорт | 1 |
| 31. | | | | | | | |
| 32. | | | | | | | |
| 33. | | | | | | | |
| **2. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | |
| 34. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура | 1 |
| **2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | | | | | | | |
| 35. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина | 1 |
| 36. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Издавање на изводи од урбанистички планови и одобренија за градење | 1 |
| 37. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за просторно и урбанистичко планирање | 1 |
| 37-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за животна средина | 1 |
| 38. | | | | | | | |
| 39. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Сообраќај, локални патишта, улици и комунална контрола | 1 |
| 40. | | | | | | | |
| 41. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за Административно технички работи | 1 |
| 41-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за документациони работи | 1 |
| 42. | | | | | | | |
| **2.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | |
| 43. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура | 1 |
| 44. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Уредување на градежно земјиште и прибавување, комплетирање и обезбедување на техничка документација | 1 |
| 45. | | | | | | | |
| 46. | | | | | | | |
| 47. | | | | | | | |
| 48. | | | | | | | |
| 49. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за Уредување на градежно земјиште, пресметка на комуналии и следење на градежните активности на терен | 2 |
| 50. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за уредување на просторот | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за заштита и спасување, управување со кризи и административна поддршка на ТППЕ Крива Паланка | 1 |
| 51. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт Геометар | 1 |
| 51-а | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за комунални работи и јавно осветлување | 1 |
| 52. | | | | | | | |
| | | | | | | **3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР** | |
| 53. | ИНС | 01 | 01 | Б04 | 001 | Виш инспектор - Раководител на одделение за инспекциски надзор | 1 |
| 54. | | | | | | | |
| 55. | | | | | | | |
| 56. | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Овластен инспектор за животна средина | 1 |
| 56-а | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Овластен инспектор за домување | 1 |
| 56-б | ИНС | 01 | 01 | В03 | 001 | Овластен градежен инспектор | 1 |
| 56-в | ИНС | 01 | 01 | В04 | 001 | Општински комунален инспектор | 1 |
| 57. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт - Комунален редар | 3 |
| | | | | | | **4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | |
| 58. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 |
| 59. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за Управување и координација со човечки ресурси | 1 |
| 59-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за административни работи | 1 |
| | | | | | | **5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | |
| 60. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 |
| 61. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник внатрешен ревизор | 1 |
| 62. | | | | | | | |
| | | | | | | **6. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА** | |
| 63. | ПОЖ | 02 | 10 | А04 | 000 | Командир на ТПП единица | 1 |
| 64. | ПОЖ | 02 | 10 | Б04 | 000 | Командир на одделение за противпожарна заштита | 5 |
| 65. | ПОЖ | 02 | 10 | В03 | 000 | Пожарникар спасител- возач на специјално возило | 7 |
| 66. | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител | 5 |

Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 01. 03. 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. | | Прилог | Вредност |
| 01 | 501/3 | | |

**Архивски број:09-1000/ 2**
**Датум: 25-02-21**
**До: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**СОГЛАСНОСТ**

на

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Крива Паланка, со архивски број 01-501/1 од 17.02.2021 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Крива Паланка поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Крива Паланка.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Крива Паланка, со архивски број 01-501/1 од 17.02.2021 година.

Со почит,

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Doc. D-r Jeton Shaqiri**



Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk